# ПРОТОКОЛ
# ЗА УТВРДУВАЊЕ И ПОСТАПУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ И ПРИВАТНИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ, ОДНОСНО ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ ПРИ ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ

Полагањето на испитите во просториите на високообразовните установи (јавни и приватни), (во натамошниот текст: високообразовни установи) се врши по овие мерки:

- Секоја високообразовна установ треба да одреди лице или лица, кои вршат дезинфекција на студентите и објектите кои можат да имат контакт.
- Средство за дезинфекција на обувките и рацете задолжително се поставува на влезот од високообразовната установа:
- Високобразовната установа на влезот на објектот лепи едукативно-информативни материјали за почитување на заштитните превентивни мерки: носење заштитни маски, одржување на физичко растојание, редовно дезинфицирање на рацете, правилна респираторна хигиена.
- Доколку испитот се полага усмено, помеѓу секој термин, односно распоред за усмено полагање на испит потребно е да има пауза во траење 20 минути;
- Доколку испитот се полага писмено високообразовната установа постапува или ги реди масите/клупите за полагање во просториите/салите, определена за таа намена, која треба да овозможи најмалку 2 метри оддалеченост меѓу присутните во просторијата, односно студентите и носење заштитни маски, одржување на физичко растојание, редовно дезинфицирање на рацете;
- Во просторијата каде се изверува испитот високообразовната установа претходно ги означува местата на кои е дозволено седењето со почитување на меѓусебното растојание;
- Доколку, испитот се полага пред Комисија, во просторијата може да присуствуваат само членовите на Комисијата за испит и студентот со оддалечност најмалку 2 метри со заштитни превентивни мерки, како: заштитни маски и редовно дезинфицирање на рацете;

  „**Присутните задолжително носат заштитна маска на лицето и ракавици**“.

- Во просторијата каде што се спроведува испитот задолжително да се обезбеди средство за дезинфекција на рацете, со цел да се обезбеди почитување на општите мерки за повисоко ниво на лична и општа хигиена (зачестено миење на раце или употреба на дезинфекционо средство за раце на база на алкохол).

- При испит, доколку се користат определени ресурси, средства и материјали, потребно е задолжително истите да бидат дезинфекцирани и при секоја наредна употреба истите повторно да се дезинфекцираат.
- Просторијата во која се спроведува испитот/испитите е потребно почесто да се проветрува, по можност за време испитот и задолжително во текот на паузите.
- За време на паузите се забранува групирање на присутните, односно студентите во високообразовната установа.

- По завршување на испитите, потребно е просториите да се исчистат (особено работната површина на која се работело) и да се дезинфицира подот со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција за горни површини.
- Во просториите на високообразовните установи (внатрешниот дел) за испит и на излезот од објектот потребно е да се обезбеди корпа за отпадоци со капак.
- Во високообразовните установи е потребно редовно и зачестено одржување на хигиената на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на горенаведените дезинфекциони средства.